# Каде се забави Гено




— Каде се забави?
Мори пуста Гено,
Толку време надвор. (2 п.)

— На бавча отидо,
Пиле баце Димко,
Перје да наберам,
Зелник да осучам.

Тамо си дојдо,
Пиле баце Димко,
До две луди млади. (2 п.)

Китка посакаа,
Пиле баце Димко,
Китка не ми фаќат,
За рака ме фаќат.

Пеел Пане Даљанот од Неготино—Тиквешко, 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968